**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Дел бр. 09-6/2
Дата: 17.04.2024 год.
Битола

| **ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 19.02 - 21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 2/Пелагониски регион/2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Весна Корлевска |
| **Вид на училиштето:** | основно образование |
| **Подрачни училишта** | 5 |
| **Основач на училиштето:** | Р. С. Македонија |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 250 |
| **Полова структура на ученици:** | м. 143 ж. 107 |
| **Број на наставници:** | 37 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Елена Китаноска |
| **Директор на училиштето:** | Даниела Мицеска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 16 до 18.05.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Едвард Кардељ“ бр. 9 -Кривогаштани |
| **Телефон:** | 048/471-250 |
| **Факс:** | 048/471-250 |
| **e-mail:** | ou-manchumatak-krivogashtani@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | Добро 3,04 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/05; 81/08; 148/09; 57/10; 51/11; 24/13; 137/13; 164/13, 41/14,33/15, 145/15 и 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

1 [1]Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

## Резиме

Во училиштето ООУ „Манчу Матак“- Кривогаштани - општина Кривогаштани во период од 19.02 до 21.02.2024 година, согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, извршена е интегрална евалуација од страна на тим на тројца државни просветни инспектори. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето, како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тридневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа 30 наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници, стручните органи и тела (дел од наставниците, Училишниот одбор и Советот на родители).

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно-образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во ООУ „Манчу Матак“- Кривогаштани е на ниво добро (3,04).

Воспитно-образовната работа во ООУ „Манчу Матак“- Кривогаштани се остварува врз основа на наставни планови за основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, освен по физичко и здравствено образование во подрачните училишта.

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби, иако нема ученици со посебни образовни потреби.

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат вонннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците. При реализацијата од страна на училиштето, подеднакво е дадена можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус на секој ученик. Вонннаставните активности се реализираат во добар обем. Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво. Училиштето при планирањето и реализацијата на воннаставните активности повремено соработува со општината, со училиштата и други институции. Во почетокот на оваа учебна година е реализиран есенски излет со сите ученици.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Просечниот успех на учениците е над 3,5. Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот, за што се води евиденција. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, која е добра. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Мал број од наставниците применуваат современи форми и методи, како и нагледни средства во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло. Интеракцијата наставник-ученик е многу добра.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Сите наставници се посетуваат најмалку еднаш во полугодие.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – дневникот.

Наставата во училиштето се изведува во училници и кабинет по природни науки. Пристапот во училишната зграда во централното училиште е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. За време на одморите се организираат дежурства по ходниците. Оваа учебна година изведена е симулација на спасување од елементарни непогоди. Училиштето е осигурано. Учениците се осигурани по желба, а и вработените се осигурани со осигурителна компанија.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците, учениците храна си носат од дома или купуваат од блиските продавници. Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училиштето се забранува секаков вид на насилство.

Се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Угледот/имиџот на училиштето е добар. Поведението и дисциплината на учениците во училиштето се добри. Промовирањето на училиштето е добро. Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Училиштето добро соработува со институциите на локалната заедница.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала ги задоволува потребите на училиштето. Постои потреба од набавка на уште компјутерска опрема за учениците и други технички помагала, како и нивна поголема примена во наставата.

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Членовите на Училишен одбор (УО) се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за членови на УО. Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето и постигањата на учениците.

Училиштето има изработено Самоевалуација (за период 2020-2022 година) и извештај за спроведената самоевалуација бр. 02-132/3 од 12.08.2022 година. Училиштето има изготвено Програма за развој бр. 02-172/3 од 14.08.2020 година, за периодот 2020-2024 година.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Наставата во ООУ „Манчу Матак“- Кривогаштани се реализира според наставни програми од основно деветгодишно образование. Во учебната 2023/2024 год., настава следат вкупно 250 ученици од прво до деветто одделение, распоредени во 24 паралелки. Наставата се реализира во училници, а во централното училиште има опремен кабинет по природни науки. Во состав на училиштето има 5 подрачни училишта: ПУ с. Крушеани, ПУ с. Врбјани, ПУ с. Годивје, ПУ с. Подвис и ПУ с. Славеј, а ги опфаќа учениците од населените места: Кривогаштани, Крушеани, Врбјани, Годивле, Подвис, Славеј, Светомитрани, Врбоец, и Милошево. Училишните згради се тврда градба.

Воспитно-образовната дејност е верифицирана од Министерството за образование и наука под бр. 09-3519/1 од 17.03.1986 година.

Наставниот процес се одвива на македонски наставен јазик. Во централното училиште и во ПУ с. Крушеани наставата се реализира во две, а другите подрачни училишта - во една смена Во училиштето работат 37 наставници (од кои 16 во одделенска и 21 предметна настава), педагог, психолог, блиотекар, секретар, 8 лица - технички персонал и директор. Наставниците се организирани во 2 стручни активи.

Бројот на ученици во последните години благо опаѓа.

ООУ „Манчу Матак“- Кривогаштани е основано со Одлука на Општинското собрание – Прилеп бр. 74/65 од 28.12.1965 г. Дејноста на училиштето е верифицирана со решение бр. 09-3519/1 од 17.03.1986 год. од страна на Секретаријатот за општествени служби и општа управа при Собранието на општина Прилеп. Училиштето има извршено упис во Централен регистар на РМ под број: 0805-50/155020220113731 од 15.11.2022 г.

Училиштето добро соработува со Сокотаб, Алијанса уан, и други институции од регионот, и од државата.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр. 01-170/1 од 14.08.2023год.

Училиштето има изготвено Статут (бр.02-258/7 од 21.11.2022 год.) и Статутарна одлука за изменување на Статутот (бр. 02-258/2 од 21.11.2022 год.) и добиена согласност од МОН (бр. УП1 18-5 од 16.01.2023 год.).

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич (математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение), а за учениците од I до VI одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука, како и во согласност со расположивите ресурси. Се реализираат програми за хор и оркестар.

Директорот и стручната служба на училиштето пред почетокот на учебната година, ги запознаваат наставниците со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава во I до VI одделение имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование, каде се запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми преку семинари.

Наставата по физичко и здравствено образование (ФЗО) во централното училиште во Кривогаштани се реализира без отстапувања од наставната програма во училишна спортска сала, а се користат и општинските терени за кошарка и фудбал, кои се блиску до училиштето. Во подрачните училишта наставата по физичко и здравствено образование се реализира во прилагодени простории и училишниот двор и со отстапување од наставната програма. Наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение се реализира во тандем одделенски наставник и наставник по физичко и здравствено образование.

Училиштето дава подршка во реализацијата на: програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, проектот за меѓуетничка интеграција и програма за антикорупциска едукација на учениците.

Училиштето има формирано Тим за училишна инклузија, кој во склоп на Годишната програма за работа има програма за работа. Во училиштето не се идентификувани ученици со посебни образовни потреби и не се изготвуваат индивидуални образовни програми.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и програми според кои се изведува наставата. Училиштето има изработено брошура, со која се запознаваат учениците и родителите за наставните планови и програми и другите активности на училиштето.

Со изборните предмети и слободните активности во основното училиште, на учениците им се нуди можност да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Изборот се прави од листите на 3 понудени изборни предмети (области) од наставниот план, а го избираат учениците во согласност со нивните родители, по спроведена анкета. Во училиштето се организира проширена програма за учениците од одделенска настава, за организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред почетокот на наставата и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со потребите на родителите според изготвен распоред за времето и училницата за прифаќање.

Реализацијата на наставните планови и програми е добра.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања, како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. За учениците од I до VI одделение се изработува: годишни планирања, неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставниците континуирано се следат од страна на стручната служба во училиштето.

Од разгледувањето на планирањата на наставниците кои се следат од педагогот се утврди дека планирањата (годишни, тематски, неделни) се согласно наставните програми, навреме доставени и прегледани. Но, мал е бројот на наставници кои имаат изработено и предадено критериуми за оценување, како и планирање за МИО активности во наставата. Во наставните програми има содржини од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Наставниците низ својата воспитно-образовна работа ја почитуваат родовата рамноправност и мултикултурна сензитивност. Истите овие теми се обработувани согласно наставната програма по предметот образование за животни вештини (ОЖВ- одделенски час) за основно образование. Постојат мал број на вонаставни активности, во кои има примери на вградени особености на локалната средина, по поставените цели во наставните програми. Во одделенска настава има примери за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Сепак, најголемиот број наставници ги остваруваат меѓупредметните цели, како што се: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, што е особено изразено при реализација на воннаставни активности и во работата на ученичкиот парламент. Во училиштето во изминатите три учебни години нема покренато иницијатива за измена или дополнување наставните планови и програми во насока на нивно подобрување.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат вонnаставни активности. Истите се реализираат во добар обем и разновидност. Училиштето во последните три учебни години има реализирано голем број на вонnаставни активности и истите ги одразуваат потребите и интересите на учениците, го помагаат развојот на учениците за граѓански и општествени компетенции за доживотно учење и се нагласуваат локалните особености. Поголемиот број од учениците во мешовит состав се вклучени во вонnаставните активности. Учениците кои се вклучени во вонnаставните активности, повремено учествуваат во подготвувањето и остварувањето на истите. Во училиштето работат следните секции: драмска (Млади актери), литературно-рецитаторска, англиска, спортска, географска секција. Има и тим за ученички иницијативи, а добро функционира и ученичкиот парламент. Учениците со помош и поддршка од наставниците, учествуваат во различни манифестации од локален карактер, („Прочкарска смеа за секого“, „Ден без автомобили“, ден на екологија и др.), општествено-корисна работа, прослави на патронен и други празници. Учествуваат како и на голем број натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, и државно ниво. Постигнати се награди на општинско, и регионално ниво. Мал број наставници се вклучени во проектот E-twinning. Согласно Правилникот и програмата за екскурзии, се реализираат ученички екскурзии. Во почетокот на оваа учебна година е реализиран есенски излет со сите ученици. Во училиштето не функционира Училишен спортски клуб. Вонnаставните активности се

афирмираат преку web-страната на училиштето и повремено на општината, и на FB - профилот на училиштето.

Воннаставните активности се добри.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки,наставни предмети, поведение, општ успех и изостаноци.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2020/21 година е 283, во 2021/22 година е 274 и во 2022/23 година бројот на запишани ученици е 254. Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 250.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,70 за учебната 2020/2021 година, 3,74 на крајот од учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 3,88.

Од страна на стручната служба во училиштето и одделенските раководители се идентификувани 5 ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето има изготвено распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот се изработува на месечно ниво кај предметна настава, истакнат е на огласна табла во училиштето и се доставува до Државниот просветен инспекторат. Додатната настава се реализира во континуитет, но поинтензивно пред одржување на натпревари.

Училиштето по поголемиот број на предмети организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех и имаат потешкотии во учењето, на барање на учениците кои се со подобар успех често се случува да посетуваат дополнителна настава.

Училиштето не организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав, во рамките на училиштето. Училиштето има формиран тим за меѓуетничка интеграција во образованието, има изготвена програма за работа. Училиштето нема партнер училиште. Во училиштето се реализираат само наставни содржини во кои се промовира мултикултурализмот.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот, после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција .

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински, регионални и државни натпревари и тоа: во 2020/21 година освоени се награди по: англиски јазик, ФЗО 2021/22 година освоени награди по: англиски јазик, биологија, математика, ФЗО;

2022/23 година освоени награди по: математика (Кенгур), англиски јазик (ЕЛТАМ) географија, природни науки, биологија, ФЗО, Црвен крст.

Училиштето учествува и на литературни и ликовни конкурси и манифестации, како и конкурси и манифестации организирани од Локалната самоуправа Кривогаштани.

Училиштето има пропишан Правилник за избор на првенец на генерација за завршено 9 одделение. Секоја учебна година се избира првенец на генерација.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците. Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 2950, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 6693 изостаноци и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 9295 изостаноци. Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки, има тим за поддршка за учениците за кои е изречена педагошка мерка и води евидентна листа за евиденција на напредокот на учениците.

Во однос на оценување по поведение во последните три години сите ученици се оценети со примерно поведение.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години нема повторувачи.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Планирањата на наставниците се добри.

Во годишната програма за работа на стручната служба планирани се активности за следење и помош при изготвување на планирањата на наставниците. На наставнички совет, пред почетокот на учебната година, директорот и стручната служба ги известува наставниците за новините во наставните програми и даваат насоки за изготвување на планирањата. Планирањата на наставниците од страна на стручната служба се следат при самото доставување. Стручната служба води добра евиденција за планирањата на наставниците.

Сите наставници изготвуваат годишни, тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма, неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Освен за редовната настава наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, и според според потребите и планирања за слободни ученички активности. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение, како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. При планирањето наставниците разменуваат искуства со наставниците од својот актив, но и со други наставници и од други училишта или градови. При ова водат сметка за расположивите училишни нагледни и технички средства.

Не се изготвуваат индивидуални образовни планови, бидејќи нема категоризирани ученици со посебни потреби.

Наставниците ги планираат наставните содржини и очекувани исходи за работа за учениците кои имаат потешкотии во учењето и за талентираните ученици, односно повремено планираат диференцирани цели на часот.

Распоредот на часови го изработува наставник задолжен од страна на директорот на училиштето во соработка со стручната служба и наставниците, каде има мал број на блок часови. Се изготвува распоред и за додатна и дополнителна настава, по одредени термини. Распоредите се истакнати на огласна табла во наставничка канцеларија.

## 3.2. Наставен процес

Наставниот процес делумно задоволува.

При реализација на наставата во училиштето дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи на работа, кои се соодветни на потребите на учениците и нивните способности. Наставниците се трудат да ја реализираат наставата интерактивно, применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување, но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка. Недостатокот на компјутерска опрема претставува проблем за реализација на наставата. Мал е бројот на наставници кои во наставата користат различни ресурси и приоди за учење, и сите расположиви училишни помагала, не ограничувајќи се исклучиво

на одобрените учебници и дополнителна прирачна литература. Наставниците користат одобрени учебници.

За некои предмети каде нема учебници, наставниците користат стручна литература. А, учениците ги добиваат материјалите од наставниците преку интернет.

Изборот на задачи, активности и ресурси на наставниците делумно задоволува.

Реализацијата на наставата по физичко и здравствено образование во централното училиште е добра. Истата се реализира со многу добар број реквизити и интерактивно.

Од посета на час се констатира дека добар број на наставници ги препознаваат и почитуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците главно внимаваат во индивидуалниот пристап, со оглед на постигањата, поединечно за секој ученик. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои постигнуваат повисоки резултати, повремено им се задаваат соодветни содржини за побрзо напредување, додека учениците кои имаат потешкотии во учењето со нив се реализира дополнителна настава, а за време на час повремено им се задаваат активности со редуцирани цели.

Дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците. Во Годишната програма за работа на училиштето, планирана е дополнителната и додатната настава, како и воннаставни активности. Во согласност со родителот за учениците кои се подготвуваат за натпревари, се одржуваат додатни часови.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. По сите наставни предмети постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло. Приодот и однесувањето на наставниците кон учениците е добар. Учениците се вклучуваат во различни активности без разлика на пол, социјална структура и успех. До стручната служба нема пријавено приговор од страна на ученик или родител во однос на однесувањето на наставник.

Во централното училиште во една училница е инсталирана интерактивна табла, која ретко се користи од наставниците. За потребите на наставниците за користење на ИКТ и нагледност во наставата, училиштето има обезбедено седум лаптопи и телевизори. Нема училница за информатика. Наставата по информатика и работа со компјутери се изведува со потешкотии. Односно, учениците на час немаат можност да користат компјутерска технологија. Во централното и во подрачните училишта има безжичен wi-fi интернет.

Наставниците често задаваат домашни задачи за учениците и истите се задолжителни за секој ученик. Задачите што се задаваат се во согласност со наставните содржини кои ги изучуваат учениците и во согласност со упатството.

Интеракцијата меѓу наставниците и учениците во училиштето е многу добра. Интеракцијата на релација ученик-ученик најчесто е присутна во групната форма на настава и при организирање на воннаставни активности.

Училиштето има Протокол и процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат. При посета на наставата се води уредна евиденција, во која се евидентираат сите активности на часот, им се дава повратна информација на наставниците. Следењето на наставниот процес е многу добар.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Од посетата на часовите се констатира дека наставниците преземаат активности да ги поттикнат сите ученици во активностите на час. Учениците сметаат дека се учи на интересен начин. Дел од училишните табли се застарени и недоволно се гледа напишаното.

Поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат, дека се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот. Преземањето на одговорност кај учениците е видливо во групна форма на работа и во вонаставни активности.

Мотивираноста и активноста на учениците на час делумно задоволува.

Поголем број од анкетираните ученици сметаат дека предавањата и објаснувањата на наставниците се јасни и ги слушаат кога сакаат да кажат нешто важно и ги пофалуваат кога ќе направат нешто добро.

Наставниците најчесто не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни. Учениците повремено заеднички работат на различни проекти во и надвор од наставата. Поголемиот број на ученици се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во училиштето.

Искуството на учениците од учењето е добро.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Идентификувањето на образовните потреби на учениците се прави од страна на наставниците кои во процесот на наставата ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик. Во училиштето нема запишани учениците со посебни образовни потреби.

Идентификувани се 5 ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини, за кои постои флексибилност и прилагодување на наставните содржини, спрема потребите и можностите на учениците. Со овие , и со други ученици кои за одредени содржини и предмети пројавуваат потешкотии во учењето, наставниците применуваат диференциран пристап и ги викаат на дополнителна настава. Мал е бројот на идентификувани ученици со надареност или талентираност. Училиштето овие ученици повеќе ги ангажира во вонаставни активности, општествено корисна работа, а постои и учеството на општински, регионални и државни натпревари, и учество на конкурси.

Задоволувањето на потребите на учениците е добро.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Постои училишен кодекс на оценување. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето, но не сите

наставници имаат изработено сопствени критериуме за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи и форми.

Следењето и оценувањето се планира во тематското планирање. Наставниците користат разни форми на оценување и следење на постигањата на учениците. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, изработки и ангажираноста на час. Оценувањето на учениците е описно и бројчано. Добар број наставници водат портфолио (досие) на постигањата на учениците.

Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Според анкетните прашалници поголем број ученици сметаат дека наставници им кажуваат колку добро напредуваат во учењето. Во изминатите три учебни години до наставнички совет и до училишен одбор нема доставено приговор од страна на ученик или родител по однос на оценка.

Оценувањето, како дел од наставата е добро.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето ја почитува законската одредба за информирање на родителите за постигнатиот успех на учениците во сите периоди на оценување. Постои утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

Училиштето секогаш е отворено за прием на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. Наставниците имаат термини за прием на родители. Родителите за постигањата на учениците усно се известуваат од одделенскиот и предметниот наставник, на индувидуални и заеднички родителски средби, како и писмено преку евидентни листови за секое тримесечие и свидетелства на крај на учебната година, во кои е внесен успехот и поведението на учениците. Се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Во училиштето редовно се води електронска евиденција (е-дневник) на наставата, и истата се следи од страна на училишен тим. Наставниците редовно ги ажурираат податоците во е – дневникот.

Известувањето за напредокот на учениците е многу добро.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор во централното и подрачните училишта е безбеден за изведување на настава и не претставува потенцијална опасност од повреди на ученици и вработени лица. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места поставени се патокази за излез и поставена шема за евакуација. По ходниците и на влезовите во училиштето поставени се панични светла. Во училиштето двајца вработени лица имаат сертификати за давање на прва помош на лица при несреќи. Во изминатиот период училиштето има спроведено симулациона вежба за евакуација на лица при пожар и други опасности и елементарни непогоди. За сите вработени лица реализирана е обука од областа на безбедност при работа, со исклучок на новевработените лица за кои е потребна нивна обука за безбедност при работа. Училиштето има изготвено акциски план на активности за лична и колективна заштита и безбедност во училиштето. Училишниот објект е обезбеден со видео надзор. За време на одморите во ходниците на училиштето има дежурства од страна на наставниците.

На училишната зграда и на спортската сала поставена е громобранска инсталација за која е извршен технички преглед и извршени се периодични испитувања на електричната отпорност на заштитното заземјување и отпор на заземјување на громобранската инсталација. Училишните објекти како и спортската сала се осигурани преку осигурителна компанија.

Во централното училиште и во спортската сала инсталирани се вкупно шест хидранти, од кои два хидранти во училишниот објект и четири хидранти во спортската сала и истите со во функционална употреба. Училиштето располага со вкупно 15 против пожарни апарати, од кои по два ППА има во подрачните училишта и истите се редовно сервисирани.

Училиштето има изготвено куќен ред и кодекс на однесување на сите структури. Со нив се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите. Училиштето има изготвено акциски план на активности за заштита од секаков вид на насилство. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Во изминатиот период не се регистрирани случаеви на психичко и физичко малтретирање на ученик или друго вработено лице. Во училиштето се применува Упатството за постапка и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, за што има измена и дополнување на Статутот на училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во таа смисла училиштето организира предавања за штетноста на пушењето, консумирањето на алкохол и последиците од користењето на дрога и други наркотични средства. Во училиштето не се пуши и не се доаѓа во алкохолизирана состојба.

Училиштето има склучено договори за осигурување на учениците и вработените со осигурителна компанија.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

За учениците кои патуваат има организиран превоз.

Училиштето има формирано училишен инклузивен тим и изготвено програма за работа. Во оваа учебна година во училиштето нема запишани ученици со посебни образовни потреби. Пристапот во училишниот објект во Кривогаштани на приземје и во спортската сала е приспособен за потребите на лица со телесни пречки во развојот. Училиштето нема обезбедено тоалет за лица со телесни пречки.

Во училиштето постои Протокол за поддршка на учениците од социјално загрозени семејства со одредени активности, цел и намена, време на одржување и одговорни лица. Во изминатата учебна година идентификувани се 24 ученици од социјално загрозено семејство. Во рамките на грижата за учениците од социјално загрозени семејства училиштето има организирано хуманитарни активности за донирање на училишен прибор и други материјални средства.

### 4.2. Здравје

Одржувањето на хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите, во централното и подрачните училишта делумно задоволува. Во текот на секоја учебната година, во училишните објекти најмалку два пати се извршува дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето има План за грижата и унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците, во кој се планираат редовни активности (вакцинации, систематски прегледи и осигурување на ученици), како и предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност, превенција од насилство, формирање на тим за прва помож и друго. Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат систематски прегледи на учениците. За сите ученици при запишување во прво одделение, училиштето поседува потврди за редовно примени вакцини.

Училиштето има склучено договор со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Прилеп, за вршење на систематски прегледи на вработените во училиштето.

Училиштето нема договорни процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Училиштето има изготвено интерен акт-протокол за откривање и грижа на ученици со емоционални проблеми. Тековно се обезбедува поддршка на учениците со емоционални проблеми преку тимски залагања со наставниците, стручните соработници, директорот, со учениците и нивните родители. За поддршка на учениците со емоционали потешкотии изготвена е и програма која опфаќа насоки и активности за работа со ученици и родители. Работата на стручните соработници за поддршка на ученици со емоционални тешкотии се одвива преку индивидуална и групна работа со учениците.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето има и Програма за професионална ориентација на учениците. Со учениците од деветто одделение се организираат активности за професионална ориентација: работилници со учениците за препознавање на нивните интереси, се спроведуваат прашалници за професионалните интереси и склоности, запознавање со занимањата за работа, индивидуални разговори како и анкета за избор на средно училиште, исто така учениците се запознаваат со конкурсите за упис во средно образование. Средните училишта, при посета на училиштето, преку

презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование. Училиштето со учениците од завршните одделенија организира и посети на средни училишта во соседните општини. Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование.

Училиштето располага со податоци за учениците кои го продолжуваат своето образование во средните училишта во државата.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик по квартали во текот на учебната година. Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година. Во одделенска настава се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците. Одделенските наставници, односно раководителите на паралелка, континуирано во текот на учебната година, ги известуваат учениците и нивните родители, за нивното напредување и постигања по секој одделен наставен предмет.

Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден и за секој наставник има распоред за индивидуални средби и консултации со родителите и истиот е истакнат на огласна табла во училиштето.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во вонннаставните активности, добрата клима и односи, добрата интеракција наставник-родител, како и успехот на учениците кој го задржуваат и во средно образование. Се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот.

Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Учениците и вработените во голема мера се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите, кои во 2022 година биле обновени. Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите и во последните три учебни години изречени се мал број педагошки мерки.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба. Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот простор, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиштето. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес. Двајца претставници избрани од Ученичкиот парламент по претходна покана присуствуваат на седниците на Наставнички совет и на Училишен одбор.

Работата на ученичката заедница и детето правобранител и остварувањето на нивните програми е помогната и менторски е поддржана од училиштето. Најголемиот број ученици сметаат дека навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и се вклучени во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Истите се иницијатори на проекти и воннаставни активности кои се реализираат во училиштето од хуманитарен и општествен интерес.

Училишната клима и односи се многу добра.

### 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари, според Правилник за пофалби и награди. Во училиштето се прогласува ученик првенец на генерацијата. Во училиштето на видни места се поставени, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници. Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна (http://oumancumatak.edu.mk), и преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други вонаставни активности. Училишните постигања се објавуваат и на официјалната страна на општина Кривогаштани.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Учениците се учат како да ги препознаваат дискриминација во рамките на училиштето и пошироко.

Училиштето преку своите активности во рамките на наставната програма Животни вештини кои се спроведуваат во рамките на одделенските часови и интегрирани активности во другите наставни предмети, води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Два наставници кои се вклучени во проектот „Песталоци“ реализираат мултикилтурни активности на часовите по предметите историја и англиски јазик и вонаставни активности. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во татковината, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

### 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од вонаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во УО. Советот на родители е активен. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организирало термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето

добро соработува со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннастаните активности. Таков е примерот со фирмата „Сокотаб“ и „Алијанс уан“.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани во својот состав има 5 подрачни училишта и тоа во с. Крушеани, с. Врбјани, с. Славеј, с. Годивје и с. Подвис. Во состав на ООУ „Манчу Матак “ - Кривогаштани е спортската сала, која после изградбата е дадена на користење на основното училиште.

Централното училиште во Кривогаштани има еден објект од цврста градба, со сите потребни простории за изведување на наставата. Но, заради недостаток на училници за работа во една смена училиштето работи во две смени, во втора смена се прво, четврто и петто одделение. Дел од просторот на училишната зграда користи ЈОУДГ „Весело штркче“ -с.Кривогаштани.

Училишната зграда на централното училиште е изградена во 1945 година, доградувана и реновирана со текот на годините, со вкупна површина од 1200 м2. Располага со 10 училници и 1 кабинет за природни науки. Кабинетот по природни науки е многу добро опремен, а опременоста на училниците ги задоволуваат потребите со наставни средсва и дидактички помагала, во кои се реализира настава за учениците од прво до деветo одделение, во две смени. Просториите за изведување на наставата како во централното, така и во подрачните училишта просторно ги задоволуваат условите за изведување на наставата. Училиштето добро ги користи расположивите просторни капацитети за изведување на настава и вонннаставни активности со што ги задоволува потребите на учениците, т.е. во училиштето постои добра искористеност на просторните капацитети.

Училиштето располага и со библиотека, канцеларии за директор, помошник, технички секретар - благајник, наставничка канцаларија, две канцеларии за стручна служба, помошна просторија за техничкиот персонал, портирница, просторија за архива, остава за складирање на средства за хигиена, котлара, работилница. Училиштето се загрева со парно греење со пелети. Санитарните јазли кои ги користат вработените и учениците се во еден дел реновирани (казанчиња, плочки), но санитарните јазли се стари. Училишниот двор е со вкупна површина од 1100 м2, поплочен со бекатон плочки. Дворот е делумно ограден. Училиштето има пристапна патека за лица со физички хендикеп.

Спортските терени во состав на училиштето нема, но во непосредна близина се користи повеќенаменски спортски терен кој е општински и го користи и училиштето и жителите.

Во училиштето има две спорски сали од кои: во дворот е новоизградена спортска сала со површина од 300 м2 и старата спортска сала од 200 м2, во состав на училишната зграда и е во добра кондиција а ја користат во одделенска настава за ФЗО. Салите се добро опремени со потребните реквизити, справи и сл. Во новата спортска сала има соблекувални, капатила, санитарни јазли, канцеларија за наставниците и помошни простории за спортските реквизити. Во истата нема затоплување.

Санитарните јазли во училиштето се делумно реновирани, бројот на санитарните јазли ги задоволуваат потребите на учениците и вработените.

Просториите во училиштето се загреваат преку систем за парно греење со пелети.

Училишниот простор нецелосно ги исполнува условите за изведување настава во една смена.

Во последните три години во училиштето се реализирани неколку инфраструктурни проекти како што се: пристапна пешачка патека со бекатон плочки до училишниот двор во централното училиште и во с.Подвис, целосна реконструкција на просторот во кој е сместен кабинетот по Природни науки, во тек е реконструкција на санитарнитарните јазли во ПУ с.Врбјани и тековно одржување на училниците.

Во подрачното училиште во с.Крушејани наставата се изведува во една зграда, која е стара градба, но истата е целосно реновирана и многу добро внатрешно одржувана, има 2 училници, канцеларија за наставници, и надворешни помошни простории за складирање на дрвата за огрев. Тоалетите се во училишната зграда истите се реновирани, во нив има вода и условите во нив многу добро ги задоволуваат потребите. Нема спортски терен, наставата по ФЗО се реализира на тревната површина во училишниот двор, а во зима во училница. Дворот е ограден само во предниот дел. Во училишниот двор од влезот до училишната зграда има бекатонска патека. Истиот има простор кој холтикултурно го уредуваат учениците и вработените и има дел со детски играчки и справи. Училиштето се загрева со печки на дрва. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование (наставните средства и помагала). Има смарт табла (која во моментот е технички неисправна), два комјутери, телевизор, видеобим, мултифункционален печатар, еден лаптоп и 10 таблети.

Во подрачното училиште во с.Врбјани наставата се изведува во една зграда, која е стара градба, има стара дограма и подови. Не е реновирана, но е добро одржувана, има 2 училници, канцеларија за наставници, и една стара зграда во училишниот двор, во која се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се во училишниот двор и во нив нема вода, истите во моментот се во фаза на реновирање. Променети се само вратите, условите во тоалите ги задоволуваат потребите. Нема спортски терен, наставата по ФЗО се реализира на тревната површина во училишниот двор, а во зима во училница. Дворот е ограден, пристапот до училиштето и до тоалетите е преку бетонски патеки. Училиштето се загрева со печки на дрва. Во училиштето има услови за потребите за работа по Новата концепција во основното образование (наставните средства и помагала ). Има едена смарт табла, телевизор, видеобим, 2 комјутери, печатар мултифункционален и три таблети, наставниците користат и сопствени лаптопи.

Во подрачното училиште во с. Славеј наставата се изведува во една смена во една зграда која е тврда градба, истата е реновирана, целосно променета дограма, подови и зидови, има 3 училници. Тоалетите се во училишната зграда истите се реновирани во нив има вода, условите во нив се добри. Во училишниот двор има помошен објект во кој се складираат дрвата за огрев. Нема спортски терен во училишниот двор, наставата по ФЗО се реализира во дворот на тревна површина, а во зима училница. Дворот е целосно ограден со жица, истиот е холтикултурно уреден, со летниковец, детски играчки и реквизити. Училиштето се загрева со печки на дрва. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование (наставните средства и помагала ). Има една смарт табла, 2 видео бим, телевизор, бела табла, 2 компјутери и 6 таблети и печатар.

Во подрачното училиште во с. Годивле наставата се изведува во една зграда, која е тврда градба, истата е целосно реновирана и внатрешно и надворешно, има 2 училници, канцеларија за наставници, и помошна просторија во кои се сместени пелетите за огрев и котелот за греење. Тоалетите се во училишната зграда, санитарните јазли се нови, во нив има вода, условите во нив ги задоволуваат потребите. Нема спортски терен во училишниот двор, наставата по ФЗО се реализира на тревна површина и во училница која е приспособена за таа намена. Дворот е ограден и холтикултурно уреден. Училиштето се

загрева со парно на пелети. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование (наставните средства и помагала). Има ЛЦД телевизор кој во моментот не е во функција, бела табла, компјутер, Wi – fi интернет, мултифункционален печатач.

Во подрачното училиште во с.Подвис наставата се изведува во една зграда, која е тврда градба, не е реновирана, но внатрешно и надворешно одржувана, има 3 училници и помошни простории, во кои се складираат дрвата за огрев. Тоалетите се во училишната зграда, санитарните јазли се во добра кондиција во нив има вода, условите во нив ги задоволуваат потребите. Нема спортски терен во училишниот двор, наставата по ФЗО се реализира на тревна површина и во училница која е прилагодена за реализација на наставата во зимски услови. Дворот е целосно ограден. Училиштето се загрева со печка на дрва. Во училиштето условите ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование (наставните средства и помагала ). Има бела табла, лап топ и wi-fi интернет.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала потребни за работа во одделенска настава и предметна настава ги задоволува потребите.

Во централното училиште опременоста е многу добра, за предметите: природни науки (целосно опремен кабинет), за физичко образование - училиштето е добро опремено со потребните реквизити и справи, а делумно задоволува опременоста од нагледни средсва по музичко образование. Истотака, делумно задоволува опременоста и функционалност на компјутерската опрема: 7 персонални компјутери, 8 лап топи (истите се користат и за наставата по информатика). Училиштето располага со: 6 бели метални табли, 4 интерактивни табли (од кои едната не е технички неисправна), 6 ЛЦД проектори, 20 таблети, 6 ЛЦД телевизори, еден фотокопир, 6 мултифункционални печатачи и скенери, 2 печатачи за реализација на воспитно–образовниот процес.

Училишната библиотека располага со: 11854 наслови од кои: училишна лектира 2630, стручна литература 725 и литература од различен жанр 3258, енциклопедии 203, сериски публикации 95, белетристика 2960 и литература на англиски 600 и германски јазик 100 (детска литература и работни листови). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Во библиотеката работи еден наставник со 20 работни часа, истиот е вработен со пола работно време, а е дипломиран професор по македонска книжевност. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечната евиденција се води со картотека и во пишана евиденција. Евиденцијата не се води компјутерски.

Библиотеката работи 3 работни дена со работно време во понеделник и среда од 8.00 до 15.00 часот и во четврток со работното време од 9.00 до 15.00 часот, истото се почитува во целост. Сместена е во добри просторни услови, а просторно се користи како читална. Во просторот на библиотеката е сместен и благајник-секретарот на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на наставен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, освен за предметите информатика и техничко образование во 5 одделение (за 10 наставни часа), етика во шесто одделение (за 2 наставни часа) и иновации во 9 одделение (за 2 наставни часа). Наставниот процес во училиштето го реализираат 16 наставници во одделенска настава и 21 наставници во предметна настава или вкупно 37 наставници (34 - ВСС , 1- Виша школа и 2 магистри). Од наставниот кадар 25 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 5 наставници се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 7 - наставници на определено работно време со неполн фонд на часови. Два наставника кои се на неопределено работно време (англиски јазик и хемија) работат и во друго училиште, поради неполниот фонд на часови, и еден наставник кој е на определено работно време (музичко образование) работи во друго училиште, поради неполниот фонд на часови. Во училиштето од други училишта поради надополнување на фондот на часови доагаат два наставника (ликовно образование и француски јазик). Во училиштето во моментот на интегралната евалуација, психологот е на боледување. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Сите наставници се македонци според етничката припадност.

Воспитно-образовниот процес многу добро го помага стручната служба: психолог, педагог, специјален рехабилитатор и едукатор и библиотекар.

Во админстративна служба вработени се: директор и благајник - секретар. Помошен персонал има: 1 хаус мајстор и 8 хигиеничари.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара согласност од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор, увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година има извршено посета на часови. Од страна на стручната служба извршен е увид во комплетирањето и припремите на годишните и тематско процесните планирања.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата, унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности. Директорот во рамките на можностите и планирањата обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари и обуки. Обуки наставниците посетуваат и на сопствен трошок или доколку истата е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку Тимот за професионален развој.. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој и изготвени планови за Личен развој.

Наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои реализираат настава во 6 одделение ја имаат следено обуката за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година.

Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор. Во училиштето има два наставници приправници.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето има донесено финансиски план за 2024 година. Училиштето има План за јавни набавки за 2024 година. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во истата има член од Училишниот одбор, како механизам на директно следење и контрола од органот на управување.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на спортската сала .

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за основното образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор е составен од седум члена и за сите членови има уредна документација. Претседателот на училишниот одбор е од редот на претставниците на родители. Работата на училишниот одбор е регулирана со Деловник за работа. Училишниот одбор има изготвено Програма за работа. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури само на формално ниво. Во последните три учебни години, училишниот одбор има покренато поедини иницијативи за подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес. Состаноците на училишниот одбор се одржуваат со однапред утврден дневен ред и доставени материјали. За членовите на училишен одбор не се одржани обуки поврзани со нивните надлежности.

Со училиштето раководи директор кој е именуван од страна на Градоначалникот на Општина Кривогаштани. Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Директорот на училиштето има јасна визија за организирање на целокупната работа на училиштето, со цел подобрување на состојбите и резултатите во сите области од дејноста на воспитно-образовниот процес. Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата, планирањата, водењето на педагошката евиденција на наставниците и други активности кои се во негова надлежност, регулирани со закон.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Развојните цели на училиштето се зацртани во развојниот план на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Стратешките цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во креирањето на училишните образовни политики се вклучени и родителите, преку Советот на родители. Наставниците, преку разните тимови се вклучени во креирањето на училишната образовна политика.

Училиштето има изработено самоевалуација од 12.08.2022 год. во која се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, кои треба во иднина да се подобруваат.

Училиштето има донесено Развојна програма за период од четири години од 14.08.2020 год. Во изминатиот период училиштето има постигнато подобрувања во работата во повеќето од планираните стратешки цели, со исклучок на дел од стратешката цел: Подобрување на условите за работа во училиштето, во подрачјето ресурси, каде не се реализирани дел од планираните конкретни цели.

Во училиштето отпочната е постапка за изготвување на нова самоевалуација на работата на училиштето.

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- Воннаставните активности се добри,
- Интеракцијата меѓу учениците и возрасните во училиштето е на многу добро ниво,
- Училишната клима и односи се добри,
- Еднаквоста и правичноста во училиштето се многу добри,
- Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење,
- Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа и придонесува за демократизацијата на работата и демократското созревање на училиштето во целина.

### Слаби страни

- Училиштето нема училишен спортски клуб,
- Мал број од наставниците применуваат современи форми и методи и нагледни средства во наставата,
- Има потреба од набавка на нова современа компјутерска технологија за наставата,
- Потребно е да се обезбеди затоплување во училишната спортска сала.

## ПРЕПОРАКИ

- **Училиштето да регистрира училишен спортски клуб,**
- **Училиштето да преземи мерки и активности за наставниците редовно применуваат соверемени форми и методи и нагледни средства во наставата,**
- **Училиштето согласно финансискиот план и во соработка со основачот да преземи мерки и активности за набавка на нова современа компјутерска технологија за наставата,**
- **Училиштето согласно финансискиот план и во соработка со основачот да преземи мерки и активности за обезбедување на затоплување на училишната спортска сала.**

| | |
|---|---|
| Весна Корлевска, раководител на инспекциски тим | |
| Жаклина Наумовска, инспектор | |
| Илија Илиески, инспектор | |